# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## Општина Гази Баба

23 февруари 2006 број 1



e-mail: contact@gazibaba.gov.mk http://www.gazibaba.gov.mk

Врз основа на член 50, став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), Градоначалникот на Општината Гази Баба донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**За објавување на Програмата за работа на**
**Советот на Општина Гази Баба**
**за 2006 година**

Се објавува Програмата за работа на Советот на Општина Гази Баба за 2006 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 15.02.2006 година.

**Број 08-820/1**
**од 23.02.2005 год.**
**С К О П Ј Е**

**Градоначалник,**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Коце Трајановски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 6 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 35, точка 3 од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Град Скопје" бр.11/97), и член 102 од Деловникот на Советот на Општината Гази Баба ("Службен гласник на Град Скопје" бр.4/98), Советот на Општината Гази Баба на Единаесеттата седница одржана на 15.02.2006 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за работа на Советот на Општина**
**Гази Баба за 2006 година**

## 1. ПРЕДЛОГ-ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2006 ГОДИНА

Основ за донесување на Програмата за работа на Советот на Општина Гази Баба за 2006 година е членот 35, точка 3 од Статутот на Општината Гази Баба, според кој Советот донесува Програма за една календарска година. Во Програмата се утврдуваат работи и задачи кои со материјалните закони од различни дејности и со Статутот на Општината се ставени во надлежност на Општината.

**ПРЕДЛАГАЧ:** **Комисија за програмирање на работата на Советот на Општина Гази Баба**

**ИЗГОТВУВАЧ:** **Сектор за поддршка на Градоначалникот и Советот на Општината**

## 2. ПРЕДЛОГ-ПРОГРАМА ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНАТА ГАЗИ БАБА ЗА 2006 ГОДИНА

Во оваа Предлог–Програма ќе се предвиди економскиот развој, вработувањето и едукација на невработените кадри на подрачјето на Општина Гази Баба за 2006 година.

**ПРЕДЛАГАЧ:** **Градоначалник на Општина Гази Баба**

**ИЗГОТВУВАЧ:** **Сектор за финансии и Буџет, локален економски развој, јавни набавки и развој на информациски систем**

## 3. ПРЕДЛОГ-ПРОГРАМА ЗА РАЗВОЈ НА КУЛТУРАТА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2006 ГОДИНА

Во Предлог–Програмата ќе бидат опфатени одржувањето и реконструкцијата на културните домови на подрачјето на Општина Гази Баба со кој истите да бидат ставени во функција на граѓаните.

**ПРЕДЛАГАЧ:** **Градоначалник на Општина Гази Баба**

**ИЗГОТВУВАЧ:** **Сектор за поддршка на Градоначалникот и Советот на Општината**

## 4. ПРЕДЛОГ-ПРОГРАМА ЗА РАЗВОЈ НА СПОРТОТ И РЕКРЕАЦИЈАТА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2006 ГОДИНА

Во Предлог–Програмата ќе бидат опфатени активностите кои ќе допринесат во развојот на спортот и рекреацијата во образовните установи и пошироко на подрачјето на Општина Гази Баба за 2006 година.

**ПРЕДЛАГАЧ:** **Градоначалник на Општина Гази Баба**

**ИЗГОТВУВАЧ:** **Сектор за поддршка на Градоначалникот и Советот на Општината**

## 5. ПРЕДЛОГ-ПРОГРАМА ЗА СОСТОЈБИТЕ, ПРОБЛЕМИТЕ И РАЗВОЈОТ НА ЗЕМЈОДЕЛИЕТО НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНАТА ГАЗИ БАБА ЗА 2006 ГОДИНА.

Во Предлог–Програмата ќе бидат опфатени состојбите, проблемите и развојот на земјоделието на подрачјето на Општината Гази Баба за 2006 година.

**ПРЕДЛАГАЧ:** **Градоначалник на Општина Гази Баба**

**ИЗГОТВУВАЧ:** **Сектор за финансии и Буџет, локален економски развој, јавни набавки и развој на информациски систем во соработка со Министерството за земјоделие, шумарство и водостопанство -ПЕ Гази Баба.**

## 6. ПРЕДЛОГ-СТАТУТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

Правен основ за донесување на Статутот на Општината Гази Баба се членовите 7 и 36 од Законот за локалната самоуправа, според кои Општината вршењето на своите надлежности го уредува со Статутот и други прописи. Со Статутот се уредува организацијата и работата на органите на Општината, односно на Советот и Градоначалникот, и други прашања кои се во надлежност на Општината односно на Советот и Градоначалникот.

**ПРЕДЛАГАЧ:** **Статутарно-правна комисија на Советот на Општина Гази Баба**

**ИЗГОТВУВАЧ:** **Сектор за поддршка на Градоначалникот и Советот на Општината**

## 7. ПРЕДЛОГ-ДЕЛОВНИК НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

Со Деловникот поблиску се уредуваат определени прашања врзани со организацијата и начинот на работата на Советот на Општината Гази Баба, односи на Советот со Градоначалникот, со јавните служби, установи и претпријатија и со Советите на општините.

**ПРЕДЛАГАЧ:** **Статутарно-правна комисија на Советот на Општина Гази Баба**

**ИЗГОТВУВАЧ:** **Сектор за поддршка на Градоначалникот и Советот на Општината**

## 8. ПРЕДЛОГ-ЗАВРШНА СМЕТКА НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА -СКОПЈЕ ЗА 2005 ГОДИНА

Завршната сметка се донесува согласно Законот за Буџетите. Завршната сметка се изготвува во согласност со класификацијата трошоците и се состои од општ и посебен дел и биланс на приходи и расходи.

**ПРЕДЛАГАЧ:** **Градоначалник на Општина Гази Баба**

**ИЗГОТВУВАЧ:** **Сектор за финансии и Буџет, локален економски развој, јавни набавки и развој на информациски систем**

## 9. ИНФОРМАЦИЈА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА -СКОПЈЕ ВО 2006 ГОДИНА

Во Информацијата ќе бидат опфатени материјалното и финансиското работење на Општината во 2006 година, односно трошењето на средствата од Буџетот на Општината. Ваква Информација ќе биде разгледувана на секои три месеци во тековната година при што ќе се даваат податоци за остварување на Буџетот на Општината.

**ПРЕДЛАГАЧ:** **Градоначалник на Општина Гази Баба**

**ИЗГОТВУВАЧ:** **Сектор за финансии и Буџет, локален економски развој, јавни набавки и развој на информациски систем**

## 10. ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ НА ПРОСТОРОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ВО 2006 ГОДИНА

Во Извештајот ќе бидат прикажани сите реализирани мерки во остварувањето на Програмата. Ваков Извештај ќе биде разгледуван на секои три месеци во тековната година.

**ПРЕДЛАГАЧ:** **Градоначалник на Општина Гази Баба**

**ИЗГОТВУВАЧ:** **ЈПССДП на РМ-Подрачна единица Скопје и Сектор за урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште**

## 11. ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА И ОДРЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ ПАТИШТА И УЛИЦИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ВО 2006 ГОДИНА

Во Извештајот ќе бидат прикажани реализирањето на програмираните активности, со предлог на можни решенија за надминување на евентуално настанатите проблеми. Ваков Извештај ќе биде разгледуван на секои три месеци во тековната година.

**ПРЕДЛАГАЧ:** **Градоначалник на Општина Гази Баба**

**ИЗГОТВУВАЧ:** **Сектор за урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште**

## 12. ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ВО 2006 ГОДИНА

Во Извештајот ќе бидат прикажани финансиските показатели во однос на користењето на средствата наменети за одржувањето на уличното осветлување во населбите и населените места на подрачјето на Општината Гази Баба. Ваков Извештај ќе биде разгледуван на секој три месеци во тековната година.

**ПРЕДЛАГАЧ:** **Градоначалник на Општина Гази Баба**

**ИЗГОТВУВАЧ:** **Сектор за финансии и Буџет, локален економски развој, јавни набавки и развој на информациски систем**

## 13. ИНФОРМАЦИЈА ЗА СОСТОЈБАТА И ПРОБЛЕМИТЕ ОКОЛУ ПОДИГАЊЕТО НА СМЕТОТ И ЧИСТЕЊЕТО НА ДЕПОНИИТЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНАТА ГАЗИ БАБА, СО ПРЕДЛОЗИ ЗА НИВНО РАЗРЕШУВАЊЕ

Во Информацијата ќе бидат искажани состојбата и проблемите околу подигањето на сметот и чистење–то на депониите во населбите на подрачјето на Општината Гази Баба и ќе бидат предложени мерки за нивно разрешување. Ваква Информација ќе биде разгледувана на секои три месеци во тековната година.

**ПРЕДЛАГАЧ:** **Градоначалник на Општина Гази Баба**

**ИЗГОТВУВАЧ:** **Сектор за урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште**

## 14. ИНФОРМАЦИЈА ЗА СОСТОЈБАТА НА ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА И ДЕТСКИТЕ ГРАДИНКИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА И НИВНАТА КАДРОВСКА И ТЕХНИЧКА ОПРЕМЕНОСТ

Во Информацијата ќе биде искажана состојбата, кадровската и техничката опременост на Основните училишта и Детските градинки на подрачјето на Општината Гази Баба. Ваква Информација ќе биде разгледувана на секои три месеци во тековната година.

**ПРЕДЛАГАЧ:** **Градоначалник на Општина Гази Баба**

**ИЗГОТВУВАЧ:** **Сектор за поддршка на Градоначалникот и Советот на Општината**

## 15. ИНФОРМАЦИЈА ЗА ДОНЕСЕНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ И ПРОЕКТИ ВО ПОСТАПКА

Во Информацијата ќе бидат наведени колку и кои урбанистички планови се донесени во тековната година и проекти кои се во постапка за нивно донесување на подрачјето на Општината Гази Баба.

**ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Гази Баба**

**ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште**

## 16. УТВРДУВАЊЕ НА НАЦРТ-УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

Утврдувањето на Деталните урбанистички планови, урбанистичките планови за села и вон населено место ќе се реализираат согласно Програмата за урбанистичко планирање на подрачјето на Општина Гази Баба за 2006 година.

**ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Гази Баба**

**ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјишт**

## 17. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНАТА ГАЗИ БАБА

По спроведената постапка за донесување на урбанистички планови согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање се донесуваат Одлуки за донесување на урбанистички планови за подрачјето на Општината Гази Баба.

**ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Гази Баба**

**ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште**

## 18. РАЗГЛЕДУВАЊЕ НА ГОДИШНИ ПРОГРАМИ ЗА РАБОТА НА ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА ЗА 2006/2007 ГОДИНА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНАТА ГАЗИ БАБА

Советот на Општината Гази Баба ќе ги разгледува Годишните програми за работа на Основните училишта за 2006/2007 година, на подрачјето на Општината Гази Баба.

**ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Гази Баба**

**ИЗГОТВУВАЧ: Училишни одбори на Основните училишта**

## 19. РАЗГЛЕДУВАЊЕ НА ГОДИШНИ ПРОГРАМИ ЗА РАБОТА НА ДЕТСКИТЕ ГРАДИНКИ ЗА 2006/2007 ГОДИНА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

Советот на Општина Гази Баба ќе ги разгледува Годишните програми за работа на Детските градинки за 2006/2007 година на подрачјето на Општината Гази Баба

**ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Гази Баба**

**ИЗГОТВУВАЧ: Управни одбори на Детските градинки**

## 20. ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ НА ПРОСТОРОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2006 ГОДИНА

Во Извештајот ќе бидат прикажани сите реализирани мерки во остварувањето на Програмата во текот на 2006 година.

**ПРЕДЛАГАЧ:** **Градоначалник на Општина Гази Баба**

**ИЗГОТВУВАЧ:** **ЈПССДП на РМ-Подрачна единица Скопје и Сектор за урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште**

## 21. ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА И ОДРЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ ПАТИШТА И УЛИЦИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2006 ГОДИНА

Во Извештајот ќе бидат прикажани состојбите и проблемите околу реализирањето на програмираните активности, со предлог на можни решенија за надминување на проблемите.

**ПРЕДЛАГАЧ:** **Градоначалник на Општина Гази Баба**

**ИЗГОТВУВАЧ:** **Сектор за урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште**

## 22. ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2006 ГОДИНА

Во Извештајот ќе бидат опфатени финансиските показатели во однос на користењето на средствата наменети за одржувањето на уличното осветлување во населбите и населените места од подрачјето на Општината Гази Баба.

**ПРЕДЛАГАЧ:** **Градоначалник на Општина Гази Баба**

**ИЗГОТВУВАЧ:** **Сектор за финансии и Буџет, локален економски развој, јавни набавки и развој на информациски систем**

## 23. ПРЕДЛОГ-БУЏЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА -СКОПЈЕ ЗА 2007 ГОДИНА, СО ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2007 ГОДИНА

**ПРЕДЛАГАЧ:** **Градоначалник на Општина Гази Баба**

**ИЗГОТВУВАЧ:** **Сектор за финансии и Буџет, локален економски развој, јавни набавки и развој на информациски систем**

## 24. ПРЕДЛОГ-ПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ НА ПРОСТОРОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2007 ГОДИНА

Предлог–Програмата ќе ги опфати обемот и динамиката на работите што се однесуваат на уредувањето на градежното земјиште на просторот на Општина Гази Баба за 2007 година.

**ПРЕДЛАГАЧ:** **Градоначалник на Општина Гази Баба**

**ИЗГОТВУВАЧ:** **ЈПССДП на РМ-Подрачна единица Скопје и Сектор за урбанизам, просторно**

**планирање и заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште**

## 25. ПРЕДЛОГ-ПРОГРАМА ЗА ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА И ОДРЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ ПАТИШТА И УЛИЦИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2007 ГОДИНА

Во рамките на средствата што се определени за реализација преку Републичкиот фонд за магистрални и регионални патишта ќе се предложи Програма изработена според барањата на граѓаните и нивните потреби. Исто така во Програмата ќе се определат активности за уредување на улиците во населените места и за сервисните и станбени улици на подрачјето на Општината Гази Баба.

**ПРЕДЛАГАЧ:** **Градоначалник на Општина Гази Баба**

**ИЗГОТВУВАЧ:** **Сектор за урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште**

## 26. ПРЕДЛОГ-ПРОГРАМА ЗА УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2007 ГОДИНА

Со Програмата се предвидуваат обемот, начинот, динамиката на работите и средствата сврзани со уличното осветлување на подрачјето на Општината Гази Баба.

**ПРЕДЛАГАЧ:** **Градоначалник на Општина Гази Баба**

**ИЗГОТВУВАЧ:** **Сектор за финансии и Буџет, локален економски развој, јавни набавки и развој на информациски систем**

Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Гази Баба”.

**Број 07-565/2**
**од 15.02.2006 год.**
**С к о п ј е**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНАТА ГАЗИ БАБА**
**Кире Бузлиев, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), Градоначалникот на Општината Гази Баба донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлуката за користење на средствата од тековната резерва**

Се објавува Одлуката за користење на средствата од тековната резерва, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 15.02.2006 година.

**Број 08-820/2**
**од 23.02.2005 год.**
**С К О П Ј Е**

**Градоначалник,**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Коце Трајановски, с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 31 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/04) и член 11 од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина "Гази Баба" за 2006 година ("Службен гласник на Град Скопје" бр.1/06), Советот на Општина "Гази Баба" на Единаесеттата седница одржана на 15.02.2006 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За користење на средствата од тековната резерва**

**Член 1**

Со оваа Одлука се одобрува користење и распределба на средствата по Програма А –Совет на Општината, конто 413 од Буџетот на Општината Гази Баба за 2006 година, за непланирани односно непредвидени расходи (трошоци) во износ од 300.000,00 денари.

**Член 2**

Под непланирани односно непредвидени расходи се подразбираат расходи настанати од елементарни непогоди предизвикани од виша сила (поплава, пожари, земјотрес, суша, град и слично) помош при лекување, издавање на книги, разни спонзорства, хуманитарни потреби, комеморации и други недефинирани трошоци кои не се предвидени во Буџетот на Општина Гази Баба за 2006 година.

Одобрувањето на средствата по разни основи од став 1 на овој член изнесува до 30.000,00 денари.

**Член 3**

За трошење на средствата од членот 1 на оваа Одлуака надлежен е Градоначалникот на Општината.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Бр.07-565/3**
**од 15.02.2006 год.**
**С к о п ј е**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Кире Бузлиев, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/02), Градоначалникот на Општината Гази Баба донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлуката за давање дозвола за вршење на комунална дејност од јавен интерес од локално значење**

Се објавува Одлуката за давање дозвола за вршење на комунална дејност од јавен интерес од локално значење, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 15.02.2006 година.

| | |
|---|---|
| **Број 08-820/3** | **Градоначалник,** |
| **од 23.02.2005 год.** | **НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА** |
| **С К О П Ј Е** | **Коце Трајановски, с.р.** |

Врз основа на член 36 став 1 точка 8, од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/02) а во врска со член 3 став 1. точка 1, член 14 и член 25 од Законот за комунални дејности (“Службен весник на РМ” бр.45/97), постапувајќи по писменото барање бр.1480 од 06.10.2005 година на Р.Ж.”Услуги” – АД Скопје, Советот на Општина “Гази Баба” на Единаесеттата седница одржана на ден 15.02.2006 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За давање дозвола за вршење на комунална дејност од јавен интерес од локално значење**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дозволува на РЖ “Услуги” АД –Скопје да врши комунална дејност од јавен интерес од локално значење што подразбира: собирање, пречистување и дистрибуција на вода за пиење и прехрамбена вода за месното население за село Црешево и село Смилковци, како и на просторот на поранешно ПОС Рудници и Железарница “Скопје” –Скопје на подрачјето на Општина Гази Баба.

**Член 2**

По донесувањето на оваа Одлука ќе се склучи посебен договор меѓу давателот и корисникот на услугите, кој ќе биде потпишан од двете договорни страни.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Гази Баба”.

| | |
|---|---|
| **Број 07-565/4** | **ПРЕТСЕДАТЕЛ,** |
| **од 15.02.2006 год.** | **НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА** |
| **С К О П Ј Е** | **Кире Бузлиев, с.р.** |

Врз основа на член 50, став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/02), Градоначалникот на Општината Гази Баба донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлуката за доделување еднократна парична помош за Основните училишта погодени од пожар**

Се објавува Одлуката за доделување еднократна парична помош за Основните училишта погодени од пожар, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 15.02.2006 година.

**Број 08-820/4**
**од 23.02.2005 год.**
**С К О П Ј Е**

**Градоначалник,**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Коце Трајановски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/02), член 68, став 2 од Статутот на Општината Гази Баба (“Службен гласник на Град Скопје” бр.11/97), а во врска со член 11 од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2006 година, Советот на Општина “Гази Баба” на Единаесеттата седница одржана на ден 15.02.2006 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За доделување еднократна парична помош за Основните училишта погодени од пожар**

**Член 1**

Со оваа Одлука се доделува еднократна парична помош во износ од 150.000,00 денари на Општина Радовиш – на жиро с–ка 758014720–785–14, за Основните училишта “Никола Карев” и “Крсте Мисирков” од Радовиш, чија заедничка училишна зграда е оштетена од пожар.

**Член 2**

Паричните средства од член 1 на оваа Одлука ќе се користат по Програма А –Совет на Општината, конто 413 од Буџетот на Општина Гази Баба за 2006 година.

**Член 3**

За реализација на оваа Одлука надлежен е Градоначалникот на Општина Гази Баба.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Гази Баба”.

**Број 07-565/5**
**од 15.02.2006 год.**
**С К О П Ј Е**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Кире Бузлиев, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), Градоначалникот на Општината Гази Баба донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлуката за воспоставување**
**на Службено гласило на Општина Гази Баба**

Се објавува Одлуката за воспоставување на Службено гласило на Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 15.02.2006 година.

**Број 08-820/5**
**од 23.02.2005 год.**
**С К О П Ј Е**

**Градоначалник,**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Коце Трајановски, с.р.**

Врз основа на член 62, точка 4 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), и член 68, став 2 од Статутот на Општината Гази Баба ("Службен гласник на Град Скопје" бр.11/97), Советот на Општина "Гази Баба" на Единаесеттата седница одржана на ден 15.02.2006 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За воспоставување на Службено гласило**
**на Општина Гази Баба**

**Член 1**

Со оваа Одлука се воспоставува Службено гласило на Општината Гази Баба.

**Член 2**

Прописите на Советот на Општината Гази Баба се објавуваат во Службено гласило на Општината, пред да влезат во сила.

Службено гласило на Општината е "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Член 3**

"Службен гласник на Општина Гази Баба" го издава Советот на Општината Гази Баба.

**Член 4**

За "Службен гласник на Општина Гази Баба" се формира Издавачки совет.

Издавачкиот совет се состои од 3 члена што го именува Градоначалникот на Општината Гази Баба од редот на вработените во Општинската администрација.

Издавачкиот совет ја разработува и поблиску ја утврдува уредувачката политика и дава предлози за разрешување на определени прашања во врска со организацијата на "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Член 5**

"Службен гласник на Општина Гази Баба" има главен и одговорен уредник.

Главниот и одговорен уредник на "Службен гласник на Општина Гази Баба" го назначува Градоначалникот на Општината Гази Баба, од редот на вработените во Општинската администрација.

Главниот и одговорен уредник непосредно раководи со работите поврзани со уредувањето на "Службен гласник на Општина Гази Баба" и одговара за остварувањето на утврдената уредувачка политика и за

истоветноста на текстовите на секој акт објавен во “Службен гласник на Општина Гази Баба” со доставените изворни акти.

**Член 6**

“Службен гласник на Општина Гази Баба” излегува по потреба.

“Службен гласник на Општина Гази Баба” се издава и се печати во Општина Гази Баба, Бул.”Александар Македонски” ББ –Скопје.

**Член 7**

“Службен гласник на Општина Гази Баба” се печати на македонски јазик и неговото кирилско писмо.

**Член 8**

Средствата за финансирање на “Службен гласник на Општина Гази Баба” се обезбедуваат од Буџетот на Општина Гази Баба.

**Член 9**

Административните работи во врска со издавањето, печатењето и дистрибуцијата на “Службен гласник на Општина Гази Баба” ги врши Општинската администрација на Општината Гази Баба.

**Член 10**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Гази Баба”.

**Број 07-565/6**
**од 15.02.2006 год.**
**С К О П Ј Е**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Кире Бузлиев, с.р.**

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Р.М.“ бр. 5/02 ) , и член 101 –б од Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата („Службен весник на Р.М.“ бр.65/04 ) , Градоначалникот на Општина Гази Баба на ден 17.02.2006 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за избор на директор на Јавната Установа за деца - Детска градинка -**
**„ДЕТСКА РАДОСТ“ - Општина Гази Баба - Скопје**

За директор на Јавната Установа на деца – Детска градинка –

„ДЕТСКА РАДОСТ“ – Општина Гази Баба – Скопје се избира лицето Славица Благоеска од Скопје, дипломиран психолог, за време од четири години, сметано од 17. 02. 2006 година.

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави
во „ Службен гласник на Општина Гази Баба “ – Скопје .

**Број 08 - 721/ 1**
**од 17.02. 2006 год.**
**Скопје**

**Градоначалник**
**на Општина Гази Баба**
**Коце Трајановски, с.р.**

# СОДРЖИНА

1. ПРОГРАМА за работа на Советот на Општина Гази Баба за 2006 година . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 1

2. ОДЛУКА за користење на средствата од тековната резерва . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 8

3. ОДЛУКА за давање на дозвола за вршење на комунална дејност од јавен интерес од локално значење . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 9

4. ОДЛУКА за доделување на еднократна парична помош на Основните Училишта погодени од пожар . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 10

5. ОДЛУКА за воспоставување на „Службено Гласило на Општина Гази Баба“ . . . . . . . . . . . . . . . . . 11

6. ОДЛУКА за избор на директор на Јавна Установа за деца – детска градинка – „Детска Радост“ – Општина Гази Баба . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 12

**Службен гласник на Општина Гази Баба**

Издавач: Општина Гази Баба | главен и одговорен уредник: Љубомир Велевски
бул. Александар Македонски бб – Скопје | тел: 3 22 28 76, 3 22 56 55 | тираж: 100 примероци

e-mail: contact@gazibaba.gov.mk http://www.gazibaba.gov.mk